## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 92 став 5 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ГОЛЕМИНАТА НА РИБИТЕ ПОД КОЈА НЕ СМЕАТ ДА СЕ ЛОВАТ ЗА СТОПАНСКИ И РЕКРЕАРТИВЕН РИБОЛОВ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува големината на рибите под која не смеат да се ловат при вршење стопански и рекреартивен риболов.

### Член 2

Големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов изнесува:

| Фамилија - вид на риба | Латинско име | Големина |
|---|---|---|
| **Салмонидни (пастрмки)** | ***Salmonidae*** | |
| пастрмка - во стоечки води | *Salmo sp.* (сите видови) | 40 cm |
| пастрмка - во истечни води | *Salmo sp.* (сите видови) | 30 cm |
| охридска белвица | *Salmo ohridanus* | 30 cm |
| **Ципринидни (краповидни)** | ***Cyprinidae*** | |
| крап | *Cyprinus carpio* | 40 cm |
| клен (утман) | *Squalius sp.* (сите видови) | 30 cm |
| скобуст (бојник, подуст) | *Chondrostoma sp.* (сите видови) | 25 cm |
| бела мрена | *Barbus sp.* (сите видови) | 35 cm |
| црна мрена во истечни води | *Barbus sp.* (сите видови) | 15 cm |
| црна мрена во стоечки води | *Barbus sp.* (сите видови) | 20 cm |
| писа (платица) | *Scardinius erithrophtalmus* | 20 cm |
| црвеноперка | *Rutilus rutilus* | 20 cm |
| попадика (еѓупка) | *Vimba melanops* | 20 cm |
| златен карас | *Carassius carassius* | 20 cm |
| лињак | *Tinca tinca* | 25 cm |
| моранец | *Pachyhilon pictum* | 10 cm |
| беловица (плашица, нивичка) | *Albumus sp.* (сите видови) | 12 cm |
| кркушка | *Gobio sp.* (сите видови) | 8 cm |
| **Перкии** | ***Percidae*** | |
| костреш (перкија) | *Perca fluviatilis* | 20 cm |
| смуѓ | *Stizostedion lucioperca* | 35 cm |
| **Сомови** | ***Siluridae*** | |
| сом | *Silurus glanis* | 70 cm |
| **Штуки** | ***Esocidae*** | |
| штука | *Esox lucius* | 40 cm |
| **Јагули** | ***Anguillidae*** | |
| јагула | *Anguilla anguilla* | 60cm |
| **Ракови** | ***Astacidae*** | |
| рак | *Astacus astacus* | 12 cm |
| **Жаби** | ***Amphibia*** | |
| жаба | *Rana ridibunda* | 50 gr |

## Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Наредбата за големината на рибите под која не смеат да се ловат („Службен весник на Република Македонија" број 3/94).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-886/3
22 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.